Агенцијата за вработување во рамките на спроведување на Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)" , кој е финансиран од Европската Унија го објавува следниот:

**Отворен јавен оглас**

**За работодавачи за учество во мерката**

**„Обуки кај познат работодавач"**

Се повикуваат сите заинтересирани работодавачи, кои имаат потреба да вработат лица за работни места кои се дефицитарни на пазарот на трудот да поднесат апликација. По добивањето и обработката на апликациите испратени од страна на работодавачите, деловните области, работните места кои ќе бидат понудени на потенцијалните кандидати од страна на работодавачите ќе бидат одредени како главен резултат во поглед на критериумите за избор на невработените лица.

Избраните кандидати ќе поминат тримесечна обука. Обуката на невработените лица ќе се спроведува во работните простории на работодавачите, согласно Програма за обука предложена од страна на работодавачите.

Бараниот број на невработени лица за обука не треба да го надмине бројот на вработените во фирмата.

По завршување на обуката, работодавачот има обврска да вработи најмалку 50% од невработените лица вклучени во обуката и да го/ги задржи нивниот статус на вработени лица за период од најмалку 6 месеци по завшување на обуката. Исто така, работодавачот не треба да го намали вкупниот број на веќе вработените лица кои се на договор на неопределено време во рок од 6 месеци.

За време на обуката Агенцијата за вработување на РМ ќе покрива паричен надоместок (трошоци за храна и превоз) во износ од 5.043,00 денари месечно по практикант (со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување во износ од 645,00 денари и персонален данок на доход од 560,00 денари).

На работодавачот, за време на обуката му се исплаќаат средства за менторство и материјални трошоци во износ од 4.000,00 денари до 25.000,00 денари, во зависност од бројот на невработени лица вклучени во обуката:

| Трошоци за менторство и материјални трошоци во денари | Број на невработени лица вклучени в обуките |
|---|---|
| 4.000,00 | 1-3 |
| 7.400,00 | 4-6 |
| 13.600,00 | 7-10 |

| | |
|---|---|
| 18.000,00 | 11-15 |
| 21.600,00 | 16-20 |
| 25.000,00 | 20+ |

Правилата и обврските на вклучените страни ќе бидат регулирани во договор потпишан од страна на Агенцијата за вработување, работодавачот и кандидатот. За време на тримесечната обука, работодавачите треба да поднесуваат месечни листи за присутност на практикантот/ите и месечни извештаи во Агенцијата за вработување.

**Критериуми за селекција на работодавачи**

- Редовна исплата на плати и придонеси за социјално осигурување (Информациите ќе бидат обезбедени од страна на Управата за јавни приходи);
- Програма за обука предложена од страна на работодавачот;
- Сегашните услови во просториите на работодавачот за реализација на обуките да ги исполнуваат потребите за реализација на истата. (Потпишана изјава од страна на работодавачот која ќе го потврди исполнувањето на овој критериум или ќе се земе во предвид записникот од направената посета во работните простории од страна на службените лица од Агенцијата за вработување).

Работодавачот е должен да има обезбедено редовна исплата на платите како и придонесите за социјално осигурување за сите свои вработени лица пред почетокот на процесот за аплицирање за учество во програмата.

**Процедура за аплицирање**

**Заинтересираните работодавачи може да ги поднесат Формуларот за аплицирање, Програмата за обука и Изјавата која ја потврдува фактичката состојба на работните простории, во која изразуваат интерес за учество во оваа мерка во Центрите за вработување на Агенцијата за вработување, во текот на работното време од 8:30 – 16:30, секој работен ден.**

Апликациите ќе бидат оценувани на секои 20 дена почнувајќи од денот на оваа објава.

Сите фирми ќе бидат информирани за резултатите од селекцијата.

Сите информации вклучени во апликациите ќе бидат третирани како доверливи.

Формуларот за апликација од работодавачот мора да биде потпишан и да има печат од овластеното лице на работодавачот. При поднесување на апликацијата, работодавачот ќе треба да поднесе и програма за обука со потпис и печат од овластеното лице на работодавачот.

Пред потпишување на договорот работодавачите ќе бидат одговорни за потпишување на изјава со која се потврдува дека не постои конфликт на интереси во однос на лицата кои ќе учествуваат во програмата.

За подетални информации ве молиме посетете ги работните клубови во рамките на Центрите за вработување, како и следниве веб страни:

- Агенција за вработување: www.avrm.gov.mk;
- Министерство за труд и социјална политика: www.mtsp.gov.mk;